**20141645104**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 99 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2007, 24/2011, 136/2011 и 123/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.11.2014 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ ОД ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ, УВОЗНИЦИ, ИЗВОЗНИЦИ, ПРЕВОЗНИЦИ, ТРГОВЦИ, СОБИРНИ ЦЕНТРИ И ОДГЛЕДУВАЛИШТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместоците за одобрување од физички и правни лица за регистрација на објекти, увозници, извозници, превозници, трговци, собирни центри и одгледувалишта.

Член 2

Висината на надоместокот за одобрување на објекти на ветеринарни амбуланти, клиники и болници, објекти на ветеринарни лаборатории и објекти на центри за репродукција и вештачко осеменување изнесува 20,000 денари.

Член 3

Висината на надоместок за одобрување на објекти за производство на аквакултура и објекти за преработка на аквакултура изнесува 6,000 денари.

Член 4

Висината на надоместок за одобрување на царински складови изнесува 6,000 денари.

Член 5

Висината на надоместокот за регистрација на правни и физички лица кои вршат увоз и/или повторен извоз на животни изнесува 1,000 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-8623/3
4 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.